Архивски знак:__________
Рок на чување:__________год.
__________20____год.
Потпис.

КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА
CINEMATHEQUE OF MACEDONIA
www.maccinema.org.mk

Ул. Никола Русински бр. 1 п.фах 16
1000 Скопје, Република Македонија
тел: + 389 2 / 3071-814, 3071-815, факс: + 389 2 / 3071-813
E.mail: kinoteka@ukim.edu.mk

1 Nikola Rusinski P.O.box 16
1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: ++ 389 2 / 3071-814, 3071-815, fax: ++ 389 2 / 3071-813
E.mail: kinoteka@ukim.edu.mk

M E M B E R O F F I A F

Бр. 01-1359/1
22.11.2016г

# ПРАВИЛНИК

**на Н.У. КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА,**

**за:**

**– издавачка дејност –**

(списание за историја, теорија и култура на филмот и другите уметности КИНОПИС и останати стручни изданија)

**и**

**– формирање и работа на Редакциски одбори –**

(Уредници и Редакции)

**Скопје, 2016 год.**

Врз основа на член 3 став 1 од Законот за издавачка дејност („Сл.весник на РМ„ бр.199/14 и 152/15) и согласно членовите: член 10 став 1 точки 1 и 2, член 21 став 1 точка 14, член 26 и член 28 став 2, точки 15 и 16 од Статутот на НУ Кинотека на Македонија, бр.01-634/1 од 26.05.2015, Управниот одбор на НУ Кинотека на Македонија, на својата седница одржана на 22.11.2016 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

**за издавачка дејност и формирање и работа на редакциски одбори на Националната установа Кинотека на Македонија**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат единствените основи, организирањето и остварувањето на издавачката дејност на Н.У.Кинотека на Македонија, Скопје.

### Член 2

Издавачката дејност на Кинотеката се остварува преку издавање стручни изданија од областа на естетиката, историјата, теоријата и културата на филмот и сродните уметности: монографии, стручни студии, индивидуални и/или групни зборници на стручни текстови и останата прирачна стручна литература, како и други печатени материјали (пропагандни и едукативни изданија – толковни речници, филмски каталози и програми, итн.).

### Член 3

Кинотеката на Македонија е издавач на:

1. Списанието за историјата, теоријата и културата на филмот и сродните уметности - КИНОПИС;

2. стручни филмолошки изданија и зборници на трудови од домашни и странски автори;

3. стручни прирачници, речници и глосари, монографиии, историографии, каталози, како и стручни авторски, тематски, ревиски и ретроспективни печатени филмски програми и други слични публикации.

### Член 4

Издавачката дејност на Кинотеката на Македонија се остварува врз основа на годишни (или во специјални случаи со повеќегодишни) издавачки планови, во

согласност со тековниот финансиски план и годишната програма за издавачка дејност на Кинотеката.

**Член 5**

Кинотеката, во областа на издавачката дејност, врши:

- утврдување на состојбите и потребите од стручни филмолошки и други стручни изданија;
- изработка, печатење, дистрибуција и продажба на изданијата;
- соработка и координирање на активностите во издавачката дејност со другите сродни институции и издавачи во Република Македонија;
- преведувачка дејност на квалитетни и меѓународно афирмирани изданија;
- други активности.

## II. ДРУГИ ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 6**

Кинотеката како издавач – ја застапува Директорот на Кинотеката.

**Член 7**

Управниот одбор на Кинотеката го одобрува издавањето на изданијата во рамките на изработената Годишна програма и годишниот Буџет на Кинотеката, ја следи работата на издавачката дејност, и советодавно и меродавно зазема определени ставови во поглед на спроведувањето на уредничката политика на изданијата во смисла на давање насоки и корекции.

**Член 8**

Директорот на Кинотеката е одговорен уредник на сите изданија на Кинотеката (за издавачот – издавачот го претставува Директорот на Кинотеката).

**Член 9**

Авторите, приредувачите и уредниците на изданијата на Кинотеката ги именува и разрешува Директорот на Кинотеката – одделно за секое издание/публикација, по нивна адекватност, релевантност и стручност во конкретните области на изданијата/публикациите.

**Член 10**

Авторите, приредувачите и уредниците на изданијата на Кинотеката примаат финансиски надоместок за својата работа преку Договор за ангажирање (Договор за дело).

**Член 11**

Главниот уредник на Списанието за историјата, теоријата и културата на филмот и сродните уметности КИНОПИС – го именува и разрешува Директорот на Кинотеката, а го одобрува Управниот одбор на Кинотеката.

Главниот уредник на Списанието за историјата, теоријата и културата на филмот и сродните уметности КИНОПИС – се именува и се бира од редовите на вработените во Кинотеката и треба да биде најмалку со стручно звање – виш филмолог.

Главниот уредник на Списанието ги има следните обврски: учествува и решава по однос на формирањето на идејната и конкретната структура и форма на Списанието; учествува и решава по однос на изборот на жанровските и тематските области, културните случувања и настани, како и на конкретните теми и/или уметнички дела кои Списанието ги опфаќа и третира; решава, ја координира и контролира работата на членовите на Редакцијата во однос на изборот и обезбедувањето на адекватни материјали (текстовни, фотографски, нотни, ликовни, итн.) за потребите на реализација на Списанието; решава, го координира и следи извршувањето на работата при техничкото и стилското обликување на Списанието (дизајн, лектура, коректура), како и при печатењето, промоцијата и дистрибуцијата на Списанието; Главниот уредник решава и ги координира сите други неопходни процедури, постапки и потреби (редовни и/или инцидентни) на Списанието во процесот на формирањето, реализацијата, промоцијата и дистрибуцијата на истото.

Редакцијата на Списанието за историјата, теоријата и културата на филмот и сродните уметности КИНОПИС – се состои од Главниот уредник и не повеќе од 12 членови-уредници.

Редакцијата се состои од експерти од областите кои ги опфаќа списанието. Членовите на Редакцијата ја сочинуваат: дел од вработените во Кинотеката со најниско стручно звање филмолог, филмски конзерватор/реставратор или библиотекар, и дел од надворешни членови – експерти од областите кои ги опфаќа списанието.

Членовите на Редакцијата ги имаат следните обврски во однос на Списанието: учествуваат во формирањето на идејната и конкретната структура и форма на Списанието, како и на самата реализација на истото; предлагаат жанровски и тематски области, културни случувања и настани, како и конкретни теми, и/или уметнички дела – кои Списанието ги опфаќа и третира; обезбедуваат адекватни материјали (текстовни, фотографски, нотни, итн.) за потребите на реализација на Списанието, и вршат контрола, редактура и корекција на истите во процесот на создавањето на истото.

Редакцијата се именува во мандат од две години, со можност за реизбор; Редакцијата се менува и по предлог на Директорот, Управниот одбор на Кинотеката, или по предлог на Главниот уредник на списанието.

**Член 12**

Списанието за историјата, теоријата и културата на филмот и сродните уметности КИНОПИС – излегува двапати годишно, или еднаш годишно како двоброј.

Редакцијата на Списанието се состанува најмалку трипати (квартално) во годината.

Главниот уредник и членовите на Редакцијата примаат финансиски надоместок за својата работа преку Договор за ангажирање (Договор за дело) - доколку се обезбедат дополнителни средства за таа намена.

**Член 13**

Извештај за работата на Главниот уредник и Редакцијата на списанието се поднесува до Управниот одбор годишно, во рамките на Годишниот извештај за работа на Кинотеката.

## III. СРЕДСТВА ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Член 14**

Средствата за издавачката дејност се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Македонија, преку финансирање на Годишната програма на Н. У. Кинотеката на Македонија (Министерство за култура на Р. Македонија, Агенција за филм на Р. Македонија);
- продажба на изданијата;
- други извори.

**Член 15**

Средствата за издавачката дејност се обезбедуваат врз основа на финансиска пресметка на изданијата утврдени со Годишната програма на Кинотеката за издавачка дејност и финансиски поддржани од Министерството за култура и Агенцијата за филм. Средствата се валоризираат во согласност со трошоците на издавачката дејност.

**Член 16**

Од средствата за издавачка дејност се покриваат трошоците за: авторски хонорари, уредување, лектура, дизајн и техничка подготовка, печатење и дистрибуција.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

За сите прашања кои не се регулирани со овој Правилник – се применува постоечката законска регулатива на Република Македонија за оваа област и Статутот на Кинотеката.

**Член 18**

Овој Правилник се објавува на огласната табла на Кинотеката а влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување.

Република Македонија, НУ Кинотека на Македонија

Претседател на Управен одбор

Роберт Јанкулоски